**ЗАПИСНИК**
**од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.02.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, м-р Луција Ѓурковиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Симе Златески, Димитар Тануров, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Трајчев рече, со оглед на тоа што материјалот за Точка бр.5 бил доставен во текот на вчерашниот ден и е многу обемен, околу 800 страници, предложи точката да се одложи за следната седница, бидејќи не можел да ја прочита содржината на целокупниот материјал.

Г-дин Петрушевски побара директорот г-дин Трајчевски да се изјасни во врска со предлогот на г-дин Трајчев.

Г-дин Трајчевски објасни дека за доставувањето на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата за 2021 година постојат законски обврски во врска со рокот и затоа е доставен на денешната седница. Наведе дека материјалот содржи пописни листи и дека нема законска можност точката да биде одложена.

Г-дин Петрушевски рече дека тогаш може во името на г-дин Трајчев да даде опомена што материјалот не е пратен до членовите на Советот малку порано.

Г-дин Трајчев рече, доколку претходно се знаело за роковите материјалот можел порано да се прати. Точката е дадена до Советот за да ја усвои, а 800 страници технички не може да се прочитаат за толку кратко време.

Г-дин Петрушевски објасни дека лично го разгледал материјалот, тоа што било важно го видел и нема забелешки на Извештајот од пописот. Посочи дека нема да се меша во мислењето на г-дин Трајчев, тоа е негово право. Побара останатите членови на Советот да се изјаснат во врска со предлогот на г-дин Трајчев.

Г-дин Ајдини рече дека не го слушнал добро директорот и праша уште еднаш дали постои законска можност да се одложи точката.

Г-дин Трајчевски одговори дека нема законска можност за одложување. Процедурата е обемна и членовите на Комисијата работеа една обемна работа. Појасни, доколку материјалот беше готов порано тогаш и ќе беше пратен порано, и не станува збор за никаква желба тој да се чува. Членовите на пописната комисија имаат одговорности и им верува, стојат за сè тоа што е наведено во Извештајот и се потпишале. Материјалот веднаш кога е изработен е и пратен до Советот.

Г-дин Фиданоски рече дека има разбирање за укажувањето од г-дин Трајчев, но и законските рокови ги респектира. Наведе дека законски 24 часа пред седница треба да се доставаат материјалите и дека во тој поглед е исправно постапено. Во минатото принципиелно разговарале за одредени пообемни точки ако има можност да се пратат и порано, но според она што го кажал директорот разбарал дека немало таква можност. Објасни дека има забелешка и укажување до Комисијата, материјалот за Точка 5 смета дека би можел да биде подобро уреден, му наликува малку на не подреден. Ја разбира поентата на Извештајот и сите пописни листи, меѓутоа генерално е малку несреден и следниот пат кога ќе дојде на дневен ред материјалот треба да биде подобро уреден.

Г-дин Петрушевски рече дека во текот на вчерашниот ден потрошил час-два за да го разгледа материјалот бидејќи е обемен. Искрено не ги прочитал сите страни, невозможно е. Тоа што го разбира и што го интересирало во делот на информатиката го разгледал, а другите детали околу масите и столчињата ги прескокнал. Важно му било Извештаите од Комисијата да ги прочита затоа што тие луѓе и го потпишале тоа. Бидејќи директорот информирал дека нема законска можност за одложување заради роковите кои се поврзани со завршната сметка, рече дека сето тоа оди во прилог да ја поддржи точката, но секој сам треба да одлучи како ќе постапи.

Г-дин Трајчев рече дека се обидел да го чита материјалот, прочитал повеќе, но времето не му дозволило да го прочита целосно. Во материјалот забележал некои констатации на пописната Комисија кои што веројатно ќе бараат време да се анализираат од страна на членовите за да се дадат конкретни предлози. Не е ова техничка работа, зошто би го усвојувал Советот ако е само техничка работа, тогаш Комисијата само ќе го предаде пописот. Бидејќи треба да се достави до Советот, тој треба да го разгледа, ако нешто усвојува треба да има можност тоа да го анализира и да даде свој придонес во таа работа. Не знае зошто тој рок е денеска и зошто да не се даде можност да го разгледаат. Објасни дека не може да се произнесе за материјалот ако нема време да проанализира.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе даде коментар на дискусијата на г-дин Трајчев, во насока дека Советот го усвојува. Наведе дека точната формулација е дека тоа е исто како и за јавните набавки, односно Советот дава одобрување а директорот ја носи одлуката и ја потпишува. Во овој случај не е толку голема надлежноста на Советот и одговорноста, ако мисли дека само Советот го носи а Комисијата и директорот ќе речат Советот го донесе Извештајот за пописот. Прецизно е дека Советот дава одобрување директорот да донесе одлука за усвојување на пописот, така пишува и во материјалите. По завршување на дискусијата, констатира дека има првичен предлог во врска со Дневниот ред и има предлог од г-дин Трајчев да се одложи Точка 5 и во дилема е кој предлог прв да го стави на гласање. Објасни дека сепак сака прво членовите на Советот

да се изјаснат дали ќе го поддржат предлогот на г-дин Трајчев да се одложи точката пред да се гласа за дневниот ред за да знае и г-дин Трајчев после тоа како да постапува.

Со еден глас „за“ од г-дин Трајчев и 5 воздржани гласа не се усвои предлогот на г-дин Трајчев да се одложи Точка 5 - Предлог-одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.

Советот на Агенцијата, со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2022 година.
2. Предлог за донесување на одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, со предлог – одлука.
3. Предлог-годишен план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
4. Предлог за изрекување јавна опомена на операторот Македонски Телеком АД-Скопје за прекршување на член 141 од ЗАВМУ.
5. Предлог-одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека согласно Законот, Агенцијата има обврска да прави редовна проверка на безбедноста на лифтовите. Фирмата што ја направи проверката рече дека на сите 3 лифта треба да се изврши замена на делови и додека не се изврши таа замена на делови лифтовите не смеат да бидат во употреба. Посочи дека фирмата дозволи едниот лифт да се пушти во употреба бидејќи се оспособи, но другите два лифта не се пуштени во употреба. Агенцијата побара понуда од фирмата која што е избрана по пат на јавна набавка. Таа јавна набавка е предвидена за период од 2 години и ги има предвидено тие средства, но за оваа година нема предвидено целосна сума која што треба да се плати за поправка на лифтовите. Од таа причина се предлага да

забелешка останува да се спроведе за наредната година ако бидат се`уште членови на Советот за 2023 година и се надева дека тогаш ќе биде попрецизно изработено.

Советот на Агенцијата со корекцијата предложена од г-дин Фидановски, едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да го донесе предложениот Годишен план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот ГПСК да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со предлогот за јавна опомена рече дека најверојатно првпат се случува Македонски Телеком да немаат некаков авторски договор за реемитување на програмски сервис.

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување јавна опомена на операторот Македонски Телеком АД-Скопје за прекршување на член 141 од ЗАВМУ. Објасни дека за овој оператор во минатото имаше и прекршочни пријави. Сега при надзор е констатирано дека програмскиот сервис „ALB Music“ се реемитува а не е опфатен со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата и затоа се предлага да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-493/1 од 07.02.2022 година и едногласно заклучи на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „ALB Music“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Претседателот на Комисијата за попис Симе Златески ја образложи Предлог-одлуката за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година. Објасни дека Пописната комисија формирана во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Решение, бр.03-4526/1 од 14.12.2021 година, изврши попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските на Агенцијата, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со утврдена состојба заклучно со 31.12.2021 година. Согласно одредбите од член 3 од Упатството за извршување попис на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4486/1 од 10.12.2021 година и одредбите од Правилникот за сметководството на непрофитните организации, Комисијата изработи Конечен извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописни листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2021 година, и целокупната документација, со пропратен допис ја достави до Архивата на Агенцијата во рокот утврден во погорецитираното решение - најдоцна дваесет дена пред законскиот рок за доставување на годишната сметка на Агенцијата.

Г-дин Ајдини рече дека не сака да биде сфатен погрешно од колегите. Без разлика дали Советот успеал во детали да го анализира целиот материјал, сепак смета дека Комисијата за попис соодветно ги има евидентирано сите средства и тоа врз база на физичко континуирано попишување. Во материјалите е наведена динамиката на активностите и смета дека Комисијата ја има завршено успешно оваа работа. Наведе дека во оваа насока ќе даде и пофалби до претседателот на Комисијата Симе Златески затоа што имал можност во последно време физички да биде присутен повеќе време во просториите на Агенцијата и бидејќи неговата канцеларија е близу до канцеларијата на Симе Златески, согледал кои активности ги вршел со членовите на Комисијата. Уште еднаш им честита за успешно сработениот попис за 2021 година.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа активност во секоја институција е најмалку посакувана од страна на вработените, да бидат ставени во Комисија за попис. Објасни дека еднаш и тој бил во една таква комисија и лично се уверил колку е голема активноста. Работата е напорна посебно ако има многу ставки и посебно ако има многу опрема што никој не ја користи, а мора да се чува заради законски обврски како што и разговарале на претходните седници за мобилните телефони кои се стари и се чуваат стотици на број. Таква опрема има многу и се надева дека со мерките што се донесени за отпис ќе се намалат тие обврски и ќе се расчисти. Тоа е исто како дома во подрумите што се чуваат еден куп работи што не требаат така и во институцијата е исто. Знае дека е обемна работата, го прочитал Извештајот како што кажал на почетокот и ќе гласа да се даде одобрување директорот да ја донесе одлуката за да се усвои овој попис.

Г-дин Трајчевски рече дека спроведувањето на пописот е и обврска од ревизорскиот извештај од Државниот завод за ревизија кој имаше забелешки за начинот на кои биле вршени пописните активности изминатите години и сега е убеден дека целокупниот попис е завршен согласно инструкциите кои ги даде Државниот завод за

ревизија. Вака материјалот за спроведениот попис ќе биде испратен до Државниот завод за ревизија со веќе отстранета забелешка.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе се види што Државниот завод за ревизија ќе каже, но естетски не е толку убав документот како претходните години, она што го приметил и г-дин Фиданоски. Но, естетиката да се остави на страна, важна е суштината, податоците да се точни.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за Извештајот. Неговите суштински поенти се тоа што треба да го дискутираат и да го одобрат или не. Се заблагодари што се согласиле со неговата констатација, нему му делува несреден материјалот, се надева дека тоа е последица затоа што Комисијата имала премногу обврски и рокови за да ги заврши навремено. Искрено верува дека наредната година и почитувајќи го и апелот од г-дин Трајчев, која и да е следна Комисија ќе има доволно време, и пред и кој да е Совет на Агенцијата, ќе имаат неколку дена време да го разгледаат материјалот за пописот за да можат да дискутираат повеќе пред да се произнесат за одобрувањето.

Г-дин Трајчев рече, со оглед на фактот што имаше само 24 часа за да разгледаат материјал кој што е скоро 800 страници, не навлегува во содржината, можеби е во ред но тој не можел да го анализира и од тие причини ќе биде воздржан во гласањето.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев даде одобрение директорот на Агенцијата, да ја донесе Одлуката за усвојување на Конечниот извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2021 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и за отпис на основните средства, со текст како што беше предложена одлуката.

Со одлуката се усвојуваат Конечниот извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2021 година, кои се доставуваат во прилог на Конечниот извештај, и тоа:

- Пописна листа за утврдената состојба на денарски средства и девизни средства, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.1,
- Пописна листа за залиха на материјалите во магацин - потрошниот материјал, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.2,
- Пописна листа на основни средства (инвентар и опрема), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.3, со Посебна Пописна листа за основни средства кои не се наоѓаат во Скопје, и со Пописна листа за утврдената состојба на постоење средства на друг субјект (туѓи средства), кои се приложени кон Конечниот извештај како Прилог бр.3 А и Прилог бр.3 Б,
- Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема и за ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.4,
- Пописна листа на побарувањата и обврските, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.5 и

- Пописна листа за ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.6.

Да се изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Конечниот извештај (како Прилог бр.4), наведена во точка 1 алинеја 4 на Одлуката.

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-530/6

21-02 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**